Велимир Деловски

# НАСТАВЕН ПЛАН (КУРИКУЛУМ)

## ЗА ОБУКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕСУДИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

АСЈО
Академија за судии и јавни обвинители

Велимир Деловски

# НАСТАВЕН ПЛАН
# (КУРИКУЛУМ)

## ЗА ОБУКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ
## НА ПРЕСУДИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СУД
## ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

наменет за почетната и континуираната обука
во Академијата за судии и јавни обвинители
„Павел Шатев“

**Издавач:**
Мисија на ОБСЕ во Скопје

**Автор:**
Велимир Деловски

**Уредници:**
Дарко Павловски
Артан Мурати

**Лектура:**
Матилда Саздова

**Графички дизајн:**
Полиестердеј, Скопје

**Publisher:**
OSCE Mission to Skopje

**Author:**
Velimir Delovski

**Editors:**
Darko Pavlovski
Artan Murati

**Proofread by:**
Matilda Sazdova

**Graphic design:**
Polyesterday, Skopje

ISBN 978-92-9271-053-8

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Материјалите во оваа публикација се само за референца. Иако ОБСЕ вложи максимално внимание во нејзината подготовка, не презема никаква одговорност за точноста и комплетноста на сите информации, упатства и совети изнесени или за какви било печатни грешки. Содржината на оваа публикација, ставовите, мислењата, наодите, толкувањата и заклучоците изнесени во неа не мора да ја одразуваат официјалната политика или позиција на ОБСЕ. Поради овие причини, не може да се покренат никакви барања против ОБСЕ во однос на потенцијалните последици од веродостојноста на информациите или заклучоците содржани во оваа публикација.

**За примената на старото име на државата во оваа публикација:**
Државата официјално го промени своето име во 2019 во согласност со Преспанскиот договор. Повеќето правни акти се создадени пред промената на името на државата и сè уште се во сила и го содржат претходното име на државата во насловите. Употребата на претходното име на државата во овој документ е поради правна прецизност.

## Содржина

За потребата од овој Курикулум 6
За целната група 8
За целите и за методологијата на обуките 8
За структурата на модулите 10
ПОЧЕТЕН МОДУЛ (1) 15
НАПРЕДЕН МОДУЛ (2) 22

# За потребата од овој Курикулум

Во моментот на излегување на овој Курикулум, поголем број пресуди на Европскиот суд за човекови права (во натамошниот текст: ЕСЧП) донесени во македонски предмети со кои е утврдена повреда на слободите и правата кои се штитат со Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи (во натамошниот текст: „Европската конвенција за човекови права“ – ЕКЧП) сè уште чекаат да бидат извршени и затворени од страна на Комитетот на министри (во натамошниот текст: КМ) при Советот на Европа.

Извршувањето на пресудите на ЕСЧП, претставува значаен и комплексен процес кој вклучува бројни чинители кои се инволвирани во самото извршување или во надзорот над извршувањето, што го усложнува и забавува спроведувањето на какви било мерки и активности кои треба да доведат до ефикасно извршување на пресудите. Сепак, во практиката се забележува дека во стручната јавност, често отсуствуваат потемелни, а понекогаш и основни познавања како на домашната правна и институционална рамка за извршување на пресудите на ЕСЧП, така и на механизмите на Советот на Европа за надзор над извршувањето на пресудите.

Оттука, се наметна потребата од дизајнирање и реализација на обуки и советувања кои ќе бидат тематски посветени на оваа специфична проблематика и кои ќе бидат наменети, како за актуелните судии и обвинители и стручниот кадар вработен во судовите и обвинителствата, така и за идните судии и обвинители, слушатели на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ (во натамошниот текст: „Академијата за судии и јавни обвинители“, „Академијата“, „АСЈО“).

Преку практична операционализација на предложениот наставен план и програма (Курикулум) се очекува дека ќе биде постигната примарната цел за подигнување на свеста на учесниците на обуките (претежно судии и обвинители, како и нивните стручни соработници и советници) за важноста на правилното разбирање и соодветното извршување на пресудите на ЕСЧП донесени во македонските предмети заради соодветна имплементација на правото кое произлегува од Европската конвенција за човекови права, како и заради овозможување на делотворна заштита на слободите и правата на граѓаните на национално ниво.[1] Севкупно, тоа би требало да придонесе кон значително подигнување на свеста за значењето на оваа проблематика за правната реформа и ефективното оживотворување на начелото на владеење на правото.

Всушност, овој курикулум се надоврзува на трите засебни, но меѓусебно поврзани тематски публикации кои беа претходно изработени со поддршка од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, кои во фокусот на нивниот интерес го ставаат токму извршувањето на пресудите на ЕСЧП. Оттука, курикулумот и публикациите, се меѓусебно комплементарни и сите заедно се во функција на унапредување на едукативниот процес кој се одвива во Академијата за судии и јавни обвинители.

Поради тоа, при подготовката на секоја од обуките, идните обучувачи ќе може да ги имаат предвид и текстовите на веќе спомнатите публикации кои ја сочинуваат трилогијата подготвена со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, и тоа:

- публикацијата „Извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права – механизмот при Советот на Европа и националниот институционален контекст“;
- публикацијата „Пораките од Стразбур за Скопје – патоказ за општите мерки за извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права во предметите од Северна Македонија“, како и
- публикацијата „Поединечните мерки за извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права како индивидуализација на извршувањето со посебен осврт на повторувањето на постапките“.

Впрочем, на овие публикации се упатува и во соодветните модули, односно наставни часови прикажани подолу, така што тие би можеле да послужат како корисно наставно и учебно помагало како за обучувачите, така и за слушателите на почетната обука, односно учесниците на континуираната обука на Академијата.

1 Впрочем, согласно со ставовите изразени од страна на корисниците на континуираната обука во АСЈО, кои се презентирани во Функционалната анализа изработена од страна на Мисијата на ОБСЕ и Академијата за судии и јавни обвинители, тие покажале особен интерес кон јуриспруденцијата на ЕСЧП која, според нив, наоѓа своја примена во нивното редовно работење и ја истакнале потребата од нови обуки за ЕКЧП и практиката на ЕСЧП со цел, уште повеќе да се издигне свеста и квалитетот во работата на јавните обвинители и на судиите. Види Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ – анализа на актуелното позиционирање на институцијата и нејзината улога во обуката на правосудниот кадар, Скопје: ОБСЕ, 2020, достапна на: https://www.osce.org/mk/mission-to-skopje/455473, стр. 16, 54 и 61.

## За целната група

Обуките за извршувањето на пресудите на ЕСЧП, а со самото тоа и овој Курикулум, ќе бидат наменети за мошне широк круг корисници од судството, вклучувајќи ги пред сè:

- судиите од сите основни и апелациони судови,
- стручните судски соработници и советници од сите основни и апелациони судови,
- јавните обвинители од сите основни и виши јавни обвинителства и јавнообвинителските советници и соработници од сите основни и виши јавни обвинителства,
- слушателите на почетната и континуирана обука во Академијата за судии и јавни обвинители.

Истовремено, посебни обуки кои ќе бидат конципирани врз основа на овој курикулум би можеле да бидат организирани и за судиите на Уставниот суд и за вработените во Уставниот суд, а со оглед на неговата улога на чувар и заштитник на уставнозагарантираните слободи и права.

Дотолку повеќе, овие обуки би можеле да се прилагодат и применат и за потребите на правните клиники и практичните работилници и обуки кои се одржуваат на правните факултети во државата.

## За целите и за методологијата на обуките

Покрај **теоретските цели** на обуките кои се однесуваат на теоретско совладување на предметната материја, обуките имаат за задача и практично да ги оспособат македонските судии и обвинители за следење на процесот на извршување на конкретни пресуди преку пристап до релевантни информации за самите предмети или групи предмети, вклучувајќи ги и поднесените акциски планови и извештаи од страна на државата, поднесоците на самите апликанти и/или невладини организации, односно другите заинтересирани субјекти, како и времените и финални резолуции и одлуки донесени од страна на КМ. Од тие причини, Курикулумот предвидува да биде посветено соодветно време и на запознавањето со HUDOC-EXEC датабазата на Советот на Европа.[2]

2 За целосен увид во датабазата пристапете на следниов линк: https://hudoc.exec.coe.int/.

Дополнително, заради постигнување на практичните цели на обуките што се насочени кон развивање на практични вештини за правилно разбирање на материјата и соодветно резонирање, односно примена на стекнатото теоретско знаење во контекст на конкретни предмети или групи предмети чие извршување е во тек пред КМ, во текот на обуките ќе се пристапи и кон разгледување на конкретни случаи, односно продлабочена анализа на процесот на извршување на пресудите донесени од ЕСЧП во македонските предмети.

Во таа смисла, од методолошки аспект, обуките би се одвивале преку споделување на теоретските знаења и преку интерактивните дискусии за практиката на извршување на пресудите на ЕСЧП, со посебен фокус на македонските предмети. Притоа, се препорачува да бидат комбинирани едукативни методи, техники и алатки, кои ќе вклучуваат предавања и презентации, вклучително и во форма на Power Point (PPT) како визуелна техника на пренесување на знаењата и искуствата на предавачите на Академијата, изнесување на размислувањата на учесниците на обуките во рамките на *brainstorming* (или т.н. „бура на идеи“), како и нивно вклучување во дискусија за нивните искуства со извршувањето на пресудите на ЕСЧП (доколку ги имале) и во практична работа во групи на кои ќе им биде дадена задача да го анализираат процесот на извршување на конкретни пресуди на ЕСЧП изречени во македонските предмети.

При осмислувањето на темите, односно наставните содржини кои ќе бидат обработувани и дискутирани во секој од модулите, односно наставните часови, освен на соодветниот теоретски дел, посебен фокус е ставен и на практичниот дел, односно на анализа и дискусија на конкретни случаи (пресуди на ЕСЧП во македонски предмети кои се во фаза на извршување пред КМ).

Инаку, ваквата структура на оваа програма (Курикулум) за обука ги рефлектира и ставовите изразени од страна на испитаниците врз основа на прашалникот кој бил дистрибуиран до нив при спроведувањето на веќе спомнатата Функционална анализа за Академијата.[3]

Заради остварување на целите на обуките и придржување до зацртаната методолошка рамка, се предлага обуките да се изведуваат во помали групи кои би вклучувале од 15 до 25 учесници за да им се овозможи на сите учесници да земат активно учество во нив. Воедно, секој од модулите ќе се реализира во рамките на еден или повеќе наставни

3 Имено, согласно со резултатите од ова испитување, слушателите на почетна обука, нагласиле дека е потребно во обуката да биде повеќе застапена едукативната практика, а помалку теоријата (стр. 35). Од друга страна, испитаниците од редот на корисниците на континуираната обука во АСЈО, сметале дека се потребни уште повеќе практични вежби и обука (стр. 54).

часови, кои се временски определени на начин што ќе овозможи доволно време, како за презентација на планираните тематски содржини, така и за отворена дискусија и анализа на избраните случаи.

## За структурата на модулите

Материјалот кој е предвидено да биде разгледуван во текот на реализацијата на наставата во Академијата, е тематски поделен во две главни тематски целини (два модули), и тоа: почетен модул (1) и напреден модул (2) кој има две варијанти, како два напредни специјализирани модули (2.1. и 2.2.) кои се однесуваат на судиите и на стручните судски соработници и советници кои работат на граѓанска и управна (2.1.), односно кривична и прекршочна материја (2.2.). Втората варијанта од напредниот модул (2.2.) е применлива и за јавните обвинители и за јавнообвинителските стручни соработници и советници. Инаку, секој од овие модули се состои од неколку подмодули (означени со бројот на модулот и А, Б или В), а кои се реализираат во рамките на еден или неколку наставни часа.

Почетниот модул (1) дава можност за воведување во проблематиката и стекнување на основни знаења во однос на меѓународно преземената обврска на државите за извршување на пресудите на ЕСЧП, видот на мерки (поединечни и општи) за извршување на пресудите на ЕСЧП, националната нормативна рамка и институционалната структура за извршување на пресудите на ЕСЧП, како и начинот на функционирање на механизмот за надзор над извршувањето на пресудите на ЕСЧП воспоставен од страна на Советот на Европа и отелотворен преку неговиот КМ. Истовремено, при следење на почетниот модул учесниците на обуките ќе се стекнат и со основни вештини за правно пребарување и следење на процесот на извршување на конкретни пресуди на ЕСЧП преку HUDOC-EXEC датабазата на Советот на Европа.

Поконкретно, тој би можел да се спроведе во рамките на 6 (шест) наставни часа од почетната обука, како составен дел од Модулот 3, кој се однесува на Меѓународно право со акцент на ЕКЧП и на практиката на ЕСЧП, односно во склоп на наставните содржини за делот III Меѓународно-правна заштита на правата на човекот во системот на Советот на Европа, во точката 5. Европски суд за човекови права (ЕСЧП), за кој се предвидени вкупно 14 наставни часа (4 часа теоретски дел и 10 часа практичен дел).[4] Со оглед на тоа дека едно од прашањата кои треба да бидат обработени под точката 5. е токму извршувањето на одлуките на ЕСЧП, погодно би било 6 (шест) од предвидените 14 часа за оваа точка да бидат реализирани согласно со програмата од овој Курикулум.

Исто така, за судиите, обвинителите и останатите правосудни кадри, овој модул може да се реализира како дел од континуираната едукација на Академијата во рамките на еднодневно советување што ќе опфати 6 (шест) наставни часа во траење од 45 минути. Оттука, пожелно би било, почетниот модул (1) да биде вклучен во Каталогот за задолжителна континуирана обука на АСЈО.

Притоа, почетниот модул (1) би можел да биде структуриран на следниов начин:

| | |
|---|---|
| **МОДУЛ 1. А** | ВОВЕД ВО ИЗВРШУВАЊЕТО НА ПРЕСУДИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА |
| **МОДУЛ 1. Б** | СИСТЕМ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ И НАДЗОР НАД ИЗВРШУВАЊЕТО НА ПРЕСУДИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА |
| **МОДУЛ 1. В** | ВИДОВИ МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕСУДИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА |

Напредниот модул (2) има за цел да овозможи продлабочување на знаењата на судиите, обвинителите и стручните кадри, вработени во судовите и обвинителствата, кои веќе го поминале почетниот модул (1) за извршување на пресудите на ЕСЧП. Оттука, тој е првенствено креиран со цел да биде интегриран во рамките на Каталогот за задолжителна континуирана обука на АСЈО.

Всушност, како што е и погореспомнато, овој модул има две варијанти, односно може да се спроведе во облик на два специјализирани модули, кои се замислени да одговорат на потребите на различните категории судии, обвинители и вработени во правосудниот сектор, во зависност од тоа дали избраните учесници на обуките претежно работат на граѓанска и управна или на кривична и прекршочна материја.

Инаку, е предвидено наставната програма (Курикулум) за секоја од варијантите на напредниот модул (2) да се реализира во рамките на 6 (шест)

4 Програма за почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, теоретска настава 2022/2023, усвоена од Управниот одбор на Академијата на седницата одржана на 16 мај 2022 година, достапна на: https://jpacademy.gov.mk/wp-content/uploads/2022/09/Programa_za_pocetna_obuka_teoretska_nastava_2022-2023.pdf, стр. 64

наставни часа во траење од 45 минути. Притоа, во рамките на наставните часови, кои се презентирани подолу, посебно внимание ќе биде обрнато на специфичните предизвици врзани за извршувањето на пресудите во граѓанските и управните, односно во кривичните и прекршочните предмети, со посебен акцент на македонските предмети пред ЕСЧП.

**Напредниот модул за извршување на пресудите на ЕСЧП во граѓанските и во управните предмети** (**2.1.**) е структуриран на следниов начин:

| | |
|---|---|
| **МОДУЛ 2.1. А** | ПОВТОРУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ПО ПРЕСУДА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ГРАЃАНСКИТЕ И ВО УПРАВНИТЕ ПРЕДМЕТИ |
| **МОДУЛ 2.1. Б** | ОПШТИ МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕСУДИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ГРАЃАНСКИТЕ И ВО УПРАВНИТЕ ПРЕДМЕТИ |
| **МОДУЛ 2.1. В** | АНАЛИЗА НА СЛУЧАЈ |

**Напредниот модул за извршување на пресудите на ЕСЧП во кривичните и во прекршочните предмети** (**2.2.**) е структуриран на следниов начин:

| | |
|---|---|
| **МОДУЛ 2.2. А** | ПОВТОРУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ПО ПРЕСУДА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО КРИВИЧНИТЕ И ВО ПРЕКРШОЧНИТЕ ПРЕДМЕТИ |
| **МОДУЛ 2.2. Б** | ОПШТИ МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕСУДИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО КРИВИЧНИТЕ И ВО ПРЕКРШОЧНИТЕ ПРЕДМЕТИ |
| **МОДУЛ 2.2. В** | АНАЛИЗА НА СЛУЧАЈ |

Содржината на секој од наставните часови кои го сочинуваат почетниот модул (1), односно напредниот модул (2), е детално разработена и изложена во продолжението на овој наставен план и програма (Курикулум). Притоа, се прикажани темите кои треба да бидат покриени во рамките на секој наставен час, од секој поединечен модул, предметите кои би биле анализирани, како и релевантната литература, односно работните материјали и документи кои се поврзани со дадените теми.

Така, во поглед на секој наставен час, зависно од темите кои се обработуваат во него, се упатува на една или на неколку публикации од трилогијата во издание на Мисијата на ОБСЕ во Скопје каде што може да се најдат подетални информации за односната тема, кои се корисни како за самиот предавач при подготовката на обуката, така и за учесниците во обуката. Ним овие публикации можат да им послужат како дополнително четиво на кое ќе можат да му се навратат во секој момент по завршувањето на обуката кога при извршувањето на секојдневните работни задачи, ќе се соочат со некакво прашање или дилема врзани со проблематиката на извршување на пресудите на ЕСЧП.

Освен тоа, во Курикулумот се дава насока и во однос на релевантното домашно законодавство и релевантните меѓународни правни инструменти кои содржат извесни стандарди што се однесуваат на темата и прашањата кои се разгледуваат во рамките на определен наставен час.

Конечно, кога е тоа потребно, на крајот на приказот на секој наставен час, односно на неколку последователни наставни часови (во случај кога е предвидено определена тематска целина, со оглед на нејзината обемност, да биде опфатена во текот на повеќе од еден наставен час) се дава и преглед на неколку позначајни предмети за кои ЕСЧП донел пресуда или, во поретки случаи, одлука. Имено, станува збор за предмети кои се издвоени како референтни во богатата практика на ЕСЧП, бидејќи со нив се воспоставуваат стандарди од значење за темата којашто е предмет на определен модул и којашто се обработува во склоп на даден наставен час, односно на неколку наставни часа. При селекцијата на предметите, се водеше сметка тие да претставуваат преценденти на ниво на ЕСЧП или да имаат особена важност во контекстот на судската практика на ЕСЧП, која произлегла од поднесените апликации во македонските случаи. Поретко се истакнати и неколку одлуки од домашната судска практика.

Исто така, во однос на секој наставен час, односно на сите наставни часови каде што е тоа релевантно, се упатува и на поднесоците до КМ (акциски планови и/или акциски извештаи на државата или на поднесоците од страна на апликантите или другите заинтересирани субјекти) кои се непосредно поврзани со процесот на извршување на конкретна пресуда или група пресуди на ЕСЧП донесени во македонските предмети. Сепак, тие не се наведуваат поединечно туку само се дава општа напомена дека тие се посочени во соодветната публикација на ЕСЧП (кога станува збор за општите мерки за извршување на пресудите) и достапни преку HUDOC-EXEC датабазата на Советот на Европа.

Воедно, во однос на некои од наставните часови, се дава и насока за користење на одредени веб-страници како извор на податоци и информации кои се поврзани со темата што се обработува на тој наставен час или на неколку последователни наставни часови.

Инаку, листата на релевантни закони и меѓународни правни акти, како и на референтни предмети на кои се упатува во овој курикулум, не е исцрпена, така што таа може и понатаму да се надополнува и ажурира, следејќи ја динамиката на постојано усвојување на нови закони, односно на законски измени и дополнувања на национално ниво или на збогатување

на нормативната рамка на Советот на Европа, како и имајќи го предвид донесувањето на нови пресуди, односно одлуки на ЕСЧП, при што, некои од нив, се јавуваат како особено релевантни и оттука, би требало да бидат разгледувани и во рамките на обуките на АСЈО.

Секако, постојаното ажурирање на овој Курикулум со нови материјали, како литература неопходна за подготовка и спроведување на обуките од страна на предавачите, како и за консултирање од страна на слушателите на почетната обука и учесниците на континуираната едукација на Академијата, останува голем предизвик со кој, пред сѐ, треба да се справуваат предавачите кои се ангажирани од страна на АСЈО за водење на едукативниот процес во областа на извршувањето на пресудите на ЕСЧП.

# ПОЧЕТЕН МОДУЛ (1)

| МОДУЛ 1. А | ВОВЕД ВО ИЗВРШУВАЊЕТО НА ПРЕСУДИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА |
|---|---|

## ВРЕМЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА:<br>1 НАСТАВЕН ЧАС – 45 МИНУТИ

- Примена на метод на т.н. „бура на идеи“ – споделување на претходни познавања и искуства на учесниците на обуката со извршувањето на пресудите на ЕСЧП како вовед во часот

## ТЕМИ ЗА ОБРАБОТКА:

- Принципот на супсидијарност како темелно начело на конвенцискиот систем за заштита на човековите слободи и права;
- Обврска за задолжително извршување на пресудите, која произлегува од членот 46 од Европската конвенција за човекови права;
- Поимно разграничување помеѓу поединечните (индивидуални) и општите (генерални) мерки за извршување на пресудите на ЕСЧП;
- Деклараторна природа на пресудите на ЕСЧП;
- Укажувања во пресудите на ЕСЧП со кои е констатирана повреда на ЕКЧП во однос на мерките кои треба да бидат преземени во насока на извршување на пресудите;
- Степен на слобода (дискреција) на надлежните државни власти во однос на изборот на мерките за извршување на пресудите на ЕСЧП;
- Надзорна улога на КМ во процесот на извршување на пресудите на ЕСЧП;
- Постапка за прекршување од членот 46 став 4 од ЕКЧП.

## ДОКУМЕНТИ, РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ И ДРУГИ РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ

- Правила на Комитетот на министри за надзор над извршувањето на пресудите и на условите за пријателско спогодување [Rules of the Committee of Ministers for the supervision of the execution of judgments and of the terms of friendly settlements, adopted by the Committee of Ministers on 10 May 2006 at the 964th meeting of the Ministers' Deputies and amended on 18 January 2017 at the 1275th meeting of the Ministers' Deputies].[5]
- Публикација „Извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права – механизмот при Советот на Европа и националниот институционален контекст" на Мисијата на ОБСЕ во Скопје

| МОДУЛ 1. Б | СИСТЕМ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ И НАДЗОР НАД ИЗВРШУВАЊЕТО НА ПРЕСУДИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА |
|---|---|

## ВРЕМЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА:
## 3 (ТРИ) НАСТАВНИ ЧАСА ОД 45 МИНУТИ, ОД КОИ:

- 2 (два) часа посветени на системот за надзор над извршувањето на пресудите на ЕСЧП на Советот на Европа и
- 1 (еден) час посветен на националниот систем за извршување на пресудите на ЕСЧП.

## 1 и 2 час од Модул 1. Б

## ТЕМИ ЗА ОБРАБОТКА:

- Реформа на системот за надзор над извршувањето на пресудите на ЕСЧП;
- Систем на акциони планови и акциони извештаи;
- Систем на „две ленти" – стандарден и зајакнат надзор;

5 Достапни на македонски на: https://biroescp.gov.mk/wp-content/uploads/2020/10/%D0%9F%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B8%D0%BB%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%9A%D0%BE%D0%BC%D0%B8%D1%82%D0%B5%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D0%9C%D0%B8%D0%BD%D0%B8%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B8.pdf



- Разлики во однос на извршувањето на одлуките за пријателски спогодби и унилатерални декларации и надзорот над нивното извршување;
- Времени и конечни (финални) резолуции и одлуки како акти на КМ учество на апликантите и на другите заинтересирани субјекти во надзорот на процесот на извршување на пресудите на ЕСЧП;
- Правно пребарување преку HUDOC-EXEC датабазата на Советот на Европа (https://hudoc.exec.coe.int/)

## ДОКУМЕНТИ, РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ И ДРУГИ РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ

- Правила на Комитетот на министри за надзор над извршувањето на пресудите и на условите за пријателско спогодување [Rules of the Committee of Ministers for the supervision of the execution of judgments and of the terms of friendly settlements, adopted by the Committee of Ministers on 10 May 2006 at the 964th meeting of the Ministers' Deputies and amended on 18 January 2017 at the 1275th meeting of the Ministers' Deputies].[6]
- Водич за пишување на акциони планови и акциони извештаи за извршувањето на пресудите на Европскиот суд за човекови права[7]
- Публикација „Извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права – механизмот при Советот на Европа и националниот институционален контекст" на Мисијата на ОБСЕ во Скопје

## 3 час од Модул 1. Б

## ТЕМИ ЗА ОБРАБОТКА:

- Нормативната рамка на Советот на Европа за извршување на пресудите на ЕСЧП;
- Националната, правната и институционалната рамка за извршување на пресудите на ЕСЧП;
- Состав, улога и надлежности на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП;

6 https://biroescp.gov.mk/wp-content/uploads/2020/10/%D0%9F%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B8%D0%BB%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%9A%D0%BE%D0%BC%D0%B8%D1%82%D0%B5%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D0%9C%D0%B8%D0%BD%D0%B8%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B8.pdf

7 Guide for the drafting of action plans and reports for the execution of judgments of the European Court of Human Rights, достапен на: https://rm.coe.int/guide-drafting-action-plans-reports-en/1680592206

- Практичното функционирање на системот за координација на процесот на извршување на пресудите на ЕСЧП на национално ниво;
- Вклученоста на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот при Собранието во процесот на извршување на пресудите на ЕСЧП на национално ниво.

## ДОКУМЕНТИ, РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ И ДРУГИ РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ

- Препорака CM/Rec(2008)2 на Комитетот на министри до државите членки за ефикасен домашен капацитет за брзо извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права [Recommendation CM/Rec(2008)2 of the Committee of Ministers to Member States on efficient domestic capacity for rapid execution of judgments of the European Court of Human Rights, adopted by the Committee of Ministers on 6 February 2008 at its 1017th Session]
- Закон за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2009, 88/2014 и 83/2018)
- Закон за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2009) и Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2014), со кој се менува членот 8 став 1 од Законот за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2009)
- Деловник за работа на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права[8]
- Публикација „Извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права – механизмот при Советот на Европа и националниот институционален контекст“ на Мисијата на ОБСЕ во Скопје
- Веб-страницата на Бирото за застапување пред Европскиот суд за човекови права (https://biroescp.gov.mk/)

8 https://biroescp.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/%D0%94%D0%B5%D0%BB%D0%BE%D0%B2%D0%BD%D0%B8%D0%BA-%D0%BD%D0%B0-%D0%9C%D0%9A-%D0%9F%D1%80%D0%B5%D1%87%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D0%BD--%D1%82%D0%B5%D0%BA%D1%81%D1%82.pdf



| МОДУЛ 1. В | ВИДОВИ МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕСУДИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА |
| --- | --- |

## ВРЕМЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА: 2 (ДВА) НАСТАВНИ ЧАСА ОД 45 МИНУТИ, И ТОА:

- 1 (еден) час посветен на поединечните (индивидуални) и општите (генерални) мерки за извршување на пресудите на ЕСЧП и
- 1 (еден) час посветен на повторувањето на постапките по пресуда на ЕСЧП со која е констатирана повреда на ЕКЧП како форма на restitutio in integrum.

## 1 час од Модул 1. В

## ТЕМИ ЗА ОБРАБОТКА:

- Поимно разграничување помеѓу поединечните (индивидуални) и општите (генерални) мерки за извршување на пресудите на ЕСЧП;
- Обврска за исплата на правичен надоместок (обесштетување) за претрпената (не)материјална штета од страна на апликантите согласно со членот 41 од ЕКЧП;
- Други поединечни мерки за извршување на пресудите;
- Видови општи мерки за извршување на пресудите;
- Пилот-пресуди/одлуки и системски проблеми како извор на повторувачки повреди на ЕКЧП и повод за прибегнување кон општите мерки за извршување на пресудите;
- Системски промени поврзани со извршувањето на пресудите на ЕСЧП во македонските предмети.

## ДОКУМЕНТИ, РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ И ДРУГИ РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ

- Закон за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2009) и Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2014), со кој се менува членот 8 став 1 од Законот за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2009)
- Публикација „Извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права – механизмот при Советот на Европа и националниот институционален контекст“ на Мисијата на ОБСЕ во Скопје

- Публикација „Пораките од Стразбур за Скопје – патоказ за општите мерки за извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права во предметите од Северна Македонија“ на Мисијата на ОБСЕ во Скопје
- Публикација „Поединечните мерки за извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права како индивидуализација на извршувањето со посебен осврт на повторувањето на постапките“ на Мисијата на ОБСЕ во Скопје

## 2 час од Модул 1. В

## ТЕМИ ЗА ОБРАБОТКА:

- Повторување на постапките по пресуда на ЕСЧП со која е констатирана повреда на ЕКЧП како форма на restitutio in integrum;
- Препорака CM/Rec(2008)2 на Комитетот на министри до државите членки за ефикасен домашен капацитет за брзо извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права [Recommendation CM/Rec(2008)2 of the Committee of Ministers to Member States on efficient domestic capacity for rapid execution of judgments of the European Court of Human Rights, adopted by the Committee of Ministers on 6 February 2008 at its 1017th Session];
- Повторувањето на постапките по пресуда на ЕСЧП со која е констатирана повреда на ЕКЧП во македонското процесно законодавство;
- Постапката по барањето за повторување на домашните судски постапки по пресуда на ЕСЧП како основ за нова постапка пред ЕСЧП;
- Повторување на постапките по одлука на ЕСЧП за унилатерална декларација.

## ДОКУМЕНТИ, РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ И ДРУГИ РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ

- Препорака бр. R (2000) 2 на Советот на Европа за повторно разгледување или повторно отворање на судската постапка за одредени случаи на национално ниво по пресуда на Европскиот суд за човекови права [Recommendation No. R(2000)2 on the re-examination or reopening of certain cases at domestic level following judgments of the European Court of Human Rights, adopted by the Committee of Ministers on 19 January 2000 at the 694th meeting of the Ministers' Deputies][9]
- Закон за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/2010 и 124/2015), член 400
- Закон за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018), член 449
- Закон за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/2019), член 82
- Закон за вонпарничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 09/2008), член 33 став 1
- Публикација „Поединечните мерки за извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права како индивидуализација на извршувањето со посебен осврт на повторувањето на постапките“ на Мисијата на ОБСЕ во Скопје

## СУДСКАТА ПРАКТИКА НА ЕСЧП

- *Bochan v. Ukraine* (no. 2) [GC], no. 22251/08, ECHR 2015
- *Verein gegen Tierfabriken Schweiz* (VgT) v. Switzerland (no. 2) [GC], no. 32772/02
- *Фетаовски*, бр. 10649/03, пресуда од 19 јуни 2008 година
- *Фетаовски*, бр. 71962/10, Преглед на фактите (Statement of Facts)[10] од 19 мај 2015 година
- *Фетаовски*, бр. 71962/10, одлука од 23 февруари 2016 година
- *Jeronovičs v. Latvia [GC]*, no. 44898/10, 5 July 2016

9 Преводот на оваа Препорака на македонски јазик, кој беше изработен со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, е прикачен како анекс кон третиот дел од трилогијата насловен „Поединечните мерки за извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права како индивидуализација на извршувањето со посебен осврт на повторувањето на постапките“.

10 https://hudoc.echr.coe.int/eng?i=001-155315

# НАПРЕДЕН МОДУЛ (2)

## НАПРЕДЕН МОДУЛ (2.1.):
**ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕСУДИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ГРАЃАНСКИТЕ И ВО УПРАВНИТЕ ПРЕДМЕТИ**

| | |
|---|---|
| **МОДУЛ 2.1. А** | ПОВТОРУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ПО ПРЕСУДА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ГРАЃАНСКИТЕ И ВО УПРАВНИТЕ ПРЕДМЕТИ |

## ВРЕМЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА: 2 (ДВА) НАСТАВНИ ЧАСА ОД 45 МИНУТИ

- Примена на методот т.н. „бура на идеи“ – споделување на претходни познавања и искуства на учесниците на обуката со постапување по барања за повторување на постапките по пресуда на ЕСЧП во која е констатирана повреда на ЕКЧП

## ТЕМИ ЗА ОБРАБОТКА:

- Донесувањето на пресуда на ЕСЧП со која е констатирана повреда на ЕКЧП, како посебен основ за повторување на постапките предвиден во Законот за парничната постапка и во Законот за управните спорови;
- Предизвици при повторувањето на домашните судски постапки во граѓанските и во управните предмети со посебен осврт кон начелото на пресудена работа (res judicata), начелото на правна сигурност, заштитата на трети лица кои дејствувале со добра верба (bona fide) и легитимните интереси на трети лица;
- Постапката по барањето за повторување на домашните судски постапки по пресуда на ЕСЧП како основ за нова постапка пред ЕСЧП – релевантна судска практика на ЕСЧП;
- Релевантна домашна судска практика за повторување на граѓанските и управните постапки по пресуда на ЕСЧП и по одлука на ЕСЧП за унилатерална декларација.

## ДОКУМЕНТИ, РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ И ДРУГИ РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ

- Закон за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/2010 и 124/2015), член 400
- Закон за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/2019), член 82
- Закон за вонпарничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 09/2008), член 33 став 1
- Публикација „Поединечните мерки за извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права како индивидуализација на извршувањето со посебен осврт на повторувањето на постапките“ на Мисијата на ОБСЕ во Скопје

## СУДСКАТА ПРАКТИКА НА ЕСЧП

- *Bochan v. Ukraine (no. 2) [GC], no. 22251/08, ECHR 2015*

## СУДСКАТА ПРАКТИКА НА ЕСЧП И ПРАКТИКАТА НА ДОМАШНИТЕ СУДОВИ ВО ВРСКА СО ПРЕДМЕТИТЕ:

### Граѓански предмети

- *Фетаовски*, бр. 10649/03, пресуда од 19 јуни 2008 година
- *Фетаовски*, бр. 71962/10, Преглед на фактите (Statement of Facts)[11] од 19 мај 2015 година
- *Фетаовски*, бр. 71962/10, одлука од 23 февруари 2016 година
- *Спасовски*, бр. 45150/05, пресуда од 10 јуни 2010 година
- *Бајалџиев*, бр. 4650/06, пресуда од 25 октомври 2011 година
- *Наумоски*, бр. 25248/05, пресуда од 27 ноември 2012 година
- *Велинов*, бр. 16880/08, пресуда од 19 септември 2013 година
- *Стрезовски и други*, бр. 14460/16 и 7 други апликации, пресуда од 27 февруари 2020 година

11 Достапен на англиски јазик на: https://hudoc.echr.coe.int/eng?i=001-155315

- *Спировски*, бр. 60266/14, одлука за унилатерална декларација од 12 февруари 2019 година[12], Решение 2 П4-6/13а на Основниот граѓански суд од 9 јули 2019 година и Пресуда ГЖ бр. 702/20 на Апелациониот суд Скопје од 2 септември 2020 година
- *Проданов*, бр. 73087/12, пресуда од 10 јуни 2021 година

## Управни предмети

- *Митков*а, бр. 48386/09, пресуда од 15 октомври 2015 година
- *Карајанов*, бр. 2229/15, пресуда од 6 април 2017 година
- *Милчин и Псалтиров*, бр. 17607/15 и 32576/15, одлука за унилатерална декларација од 16 септември 2021 година

## Предмети под надзор на Комитетот на министри

- Поднесоци до КМ (акциони планови и/или акциони извештаи поднесени од страна на државата, поднесоци од апликантите или други заинтересирани субјекти), како и резолуции и одлуки на КМ во однос на сите гореспоменати пресуди на ЕСЧП во македонски предмети, достапни преку HUDOC-EXEC датабазата на Советот на Европа (https://hudoc.exec.coe.int/).

| МОДУЛ 2.1. Б | ОПШТИ МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕСУДИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ГРАЃАНСКИТЕ И ВО УПРАВНИТЕ ПРЕДМЕТИ |
|---|---|

## ВРЕМЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА: 2 (ДВА) НАСТАВНИ ЧАСА ОД 45 МИНУТИ

## ТЕМИ ЗА ОБРАБОТКА:

- Превентивна димензија на општите мерки за извршување на пресудите на ЕСЧП;
- Законските интервенции како општа мерка за извршување на пресудите на ЕСЧП;
- Промените во судската и административната практика како општа мерка за извршување на пресудите на ЕСЧП;
- Други општи мерки за извршување на пресудите на ЕСЧП;
- Клучни предизвици при спроведувањето на општите мерки за извршување на пресудите на ЕСЧП во македонските граѓански и управни предмети кои се однесуваат на правото на почитување на приватниот и семејниот живот (член 8 од ЕКЧП) и правото на мирно уживање на сопственоста (член 1 од Протоколот бр. 1 кон ЕКЧП).

## ДОКУМЕНТИ, РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ И ДРУГИ РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ

- Публикација „Пораките од Стразбур за Скопје – патоказ за општите мерки за извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права во предметите од Северна Македонија“ на Мисијата на ОБСЕ во Скопје
- HUDOC-EXEC датабаза на Советот на Европа (https://hudoc.exec.coe.int/).

## СУДСКАТА ПРАКТИКА НА ЕСЧП

- *Митови*, бр. 53565/13, пресуда од 16 април 2015 година
- *Олури*, бр. 3368/18, пресуда од 16 јануари 2020 година
- *Х.*, бр. 29683/16, пресуда од 17 јануари 2019 година
- *Стрезовски и други*, бр. 14460/16 и 7 други апликации, пресуда од 27 февруари 2020 година
- *Јакимовски и Кари превоз*, бр. 51599/11), пресуда од 14 ноември 2019 година

## Предмети под надзор на Комитетот на министри

- Поднесоци до КМ (акциони планови и/или акциони извештаи поднесени од страна на државата, поднесоци од апликантите или од други заинтересирани субјекти), како и резолуции и одлуки на КМ во однос на сите гореспомнати пресуди на ЕСЧП. За повеќе детали, види во соодветните делови од публикацијата „Пораките од Стразбур за Скопје – патоказ за општите мерки за извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права во предметите од Северна Македонија“, како и во HUDOC-EXEC датабазата на Советот на Европа (https://hudoc.exec.coe.int/).

12 На пример, во врска со оваа одлука на ЕСЧП, треба да се земат предвид следниве одлуки на домашните судови: Решение 2 П4-6/13а на Основниот граѓански суд од 9 јули 2019 година и Пресуда ГЖ бр. 702/20 на Апелациониот суд Скопје од 2 септември 2020 година. Во однос на останатите македонски предмети пред ЕСЧП наведени во листата погоре, од обучувачот, односно од предавачот, се очекува самиот да ја прибави соодветната домашна судска практика од која можат да се извлечат извесни заклучоци по однос на постапувањето на домашните судови по поднесениот предлог за повторување на постапката по пресуда на ЕСЧП или по одлука на ЕСЧП за унилатерална декларација.

| МОДУЛ 2.1. В | АНАЛИЗА НА СЛУЧАЈ |
|---|---|

## ВРЕМЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА:
## 2 (ДВА) НАСТАВНИ ЧАСА ОД 45 МИНУТИ

## РЕЗИМЕ НА МОДУЛОТ

Во рамките на овој модул, детално ќе биде анализиран процесот на извршување на пресудите на ЕСЧП во однос на еден од предметите, односно во однос на една од групите предмети кои се спомнуваат во претходниот модул 2.1. Б, по избор на предавачот.

Притоа, од учесниците ќе биде побарано да ги прочитаат акционите планови и/или акциониот извештај поднесени од страна на државата во кој се наведени планираните, односно преземените поединечни и општи мерки за извршување на пресудите на ЕСЧП. Дополнително, тие ќе треба да ги погледнат и останатите релевантни материјали, како поднесоци од апликантите или од други заинтересирани субјекти до КМ и резолуции и одлуки на КМ (доколку ги има) кои се од значење за процесот на извршување на анализираниот предмет, односно група предмети и се достапни преку HUDOC-EXEC датабазата на Советот на Европа.

Понатаму, тие ќе треба да развијат дискусија по однос на мерките кои биле преземени, односно мерките кои се планира да бидат спроведени од страна на државата, како и за главните предизвици со кои би биле соочени државата и судството во процесот на извршување на анализираната пресуда, односно група пресуди.

Во таа смисла, од учесниците се очекува и самите да предлагаат чекори и активности (доколку тоа го дозволува видот на констатираната пресуда на ЕСЧП во конкретниот случај) со кои би се придонело кон поефективно извршување на анализираната пресуда, односно група пресуди. На тој начин, учесниците на обуката би можеле и практично да го демонстрираат стекнатото знаење во текот на специјализираниот модул 2.1. за напредна обука на судиите и стручните судски соработници и советници, кои постапуваат по предмети во граѓанската и во управната материја.

**Напомена:** Во однос на модулот 2.1. В, може да се користат истите документи, работни материјали и други ресурси за учење, како и судската практика на ЕСЧП и материјалите за предметите под надзор на Комитетот на министри на кои се упатува во модулот 2.1. Б од овој Курикулум.



# НАПРЕДЕН МОДУЛ (2.2.):
# ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕСУДИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО КРИВИЧНИТЕ И ВО ПРЕКРШОЧНИТЕ ПРЕДМЕТИ

| МОДУЛ 2.2. А | ПОВТОРУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ПО ПРЕСУДА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО КРИВИЧ-НИТЕ И ВО ПРЕКРШОЧНИТЕ ПРЕД-МЕТИ |
|---|---|

## ВРЕМЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА:
## 2 (ДВА) НАСТАВНИ ЧАСА ОД 45 МИНУТИ

- Примена на метод на т.н. „бура на идеи“ – споделување на претходни познавања и искуства на учесниците на обуката (судии и стручни судски соработници и советници) со постапување по барања за повторување на постапките по пресуда на ЕСЧП во која е констатирана повреда на ЕКЧП.

## ТЕМИ ЗА ОБРАБОТКА:

- Донесувањето на пресуда на ЕСЧП со која е констатирана повреда на ЕКЧП, како посебен основ за повторување на постапките предвидени во Законот за кривичната постапка;
- Предизвици при повторувањето на домашните судски постапки во кривичните и во прекршочните предмети, со посебен осврт кон начелото на пресудена работа (*res judicata*), начелото на правна сигурност (правосилноста на пресудата и настапувањето на застареноста), начелото *ne bis in idem* (забрана за двојно судење или казнување за истата правна работа), презумпцијата на невиност, забраната за менување кон полошо (*reformatio in pejus*) и начелото *beneficium cohaesionis* (привилегија на здружување);
- Постапката по барањето за повторување на домашните судски постапки по пресуда на ЕСЧП, како основ за нова постапка пред ЕСЧП – релевантна судска практика на ЕСЧП;
- Релевантна домашна судска практика за повторување на кривичните и прекршочните постапки по пресуда на ЕСЧП.

## ДОКУМЕНТИ, РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ И ДРУГИ РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ

- Закон за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018), член 449
- Публикација „Поединечните мерки за извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права, како индивидуализација на извршувањето, со посебен осврт на повторувањето на постапките“ на Мисијата на ОБСЕ во Скопје

## СУДСКАТА ПРАКТИКА НА ЕСЧП

- *Yaremenko v. Ukraine* (no. 2), no. 66338/09, 30 April 2015
- *Serrano Contreras v. Spain* (no. 2), no. 2236/19, 26 October 2021
- *Moreira Ferreira v. Portugal* (no. 2) [GC], no. 19867/12, § 87, 11 July 2017

Судската практика на ЕСЧП и практиката на домашните судови во врска со предметите:[13]

- *Демерџиева и други*, бр. 19315/06, пресуда од 10 јуни 2010 година
- *Митров*, бр. 45959/09, пресуда од 2 септември 2016 година
- *Настеска*, бр. 23152/05, пресуда од 27 мај 2010 година
- *Атанасов*, бр. 22745/06, пресуда од 17 февруари 2011 година
- *Ефтимов*, бр. 59974/08, пресуда од 2 јули 2015 година
- *Атанасов* (бр. 2), бр. 41188/06, пресуда од 19 април 2011 година
- *Трампевски*, бр. 4570/07, пресуда од 10 јули 2012 година
- *Иљази*, бр. 56539/08, пресуда од 3 октомври 2013 година
- *Пападакис*, бр. 50254/07, пресуда од 26 февруари 2013 година
- *Душко Ивановски*, бр. 10718/05, пресуда од 24 април 2014 година
- *Смичковски*, бр. 15477/14, пресуда од 5 јули 2018 година
- *Асани*, бр. 27962/10, пресуда од 1 февруари 2018 година
- *Зибери*, бр. 2166/15, пресуда од 6 јуни 2019 година
- *Бошкоски*, бр. 71034/13, пресуда од 4 јуни 2020 година
- *Јаневски*, бр. 30259/15, пресуда од 19 ноември 2020 година

Предмети под надзор на Комитетот на министри

13 Во однос на наведените македонски предмети пред ЕСЧП, од обучувачот, односно од предавачот, се очекува самиот да ја прибави соодветната домашна судска практика од која можат да се извлечат извесни заклучоци по однос на постапувањето на домашните судови по поднесениот предлог за повторување на постапката по пресуда на ЕСЧП.



- Поднесоци до КМ (акциони планови и/или акциони извештаи поднесени од страна на државата, поднесоци од апликантите или други заинтересирани субјекти), како и резолуциии и одлуки на КМ во однос на сите гореспомнати пресуди на ЕСЧП во македонски предмети, достапни преку HUDOC-EXEC датабазата на Советот на Европа (https://hudoc.exec.coe.int/).

| МОДУЛ 2.2. Б | ОПШТИ МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕСУДИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО КРИВИЧНИТЕ И ВО ПРЕКРШОЧНИТЕ ПРЕДМЕТИ |
|---|---|

## ВРЕМЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА: 2 (ДВА) НАСТАВНИ ЧАСА ОД 45 МИНУТИ

## ТЕМИ ЗА ОБРАБОТКА:

- Превентивна димензија на општите мерки за извршување на пресудите на ЕСЧП;
- Законските интервенции како општа мерка за извршување на пресудите на ЕСЧП;
- Промените во судската и административната практика како општа мерка за извршување на пресудите на ЕСЧП;
- Други општи мерки за извршување на пресудите на ЕСЧП;
- Клучни предизвици при спроведувањето на општите мерки за извршување на пресудите на ЕСЧП во македонските кривични предмети, кои се однесуваат на забраната на мачење (член 3 од ЕКЧП), правото на слобода и безбедност (член 5 од ЕКЧП) и правото на правично судење (член 6 од ЕКЧП).

## ДОКУМЕНТИ, РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ И ДРУГИ РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ

- Публикација „Пораките од Стразбур за Скопје – патоказ за општите мерки за извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права во предметите од Северна Македонија“ на Мисијата на ОБСЕ во Скопје
- HUDOC-EXEC датабаза на Советот на Европа (https://hudoc.exec.coe.int/).

## СУДСКАТА ПРАКТИКА НА ЕСЧП/ ПРЕДМЕТИ ПОД НАДЗОР НА КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИ

- Поднесоци до КМ (акциони планови и/или акциони извештаи поднесени од страна на државата, поднесоци од апликантите или други заинтересирани субјекти), како и резолуции и одлуки на КМ во однос на следниве предмети, односно групи предмети:
- **Група предмети КИТАНОВСКИ И ХАЈРУЛАХУ:** *Китановски*, бр. 15191/12, пресуда од 22 јануари 2015 година; *Илиевска*, бр. 20136/11, пресуда од 7 мај 2015 година; *Андоновски*, 24312/10, пресуда од 23 јули 2015 година; *Хајрулаху*, бр. 7537/07, пресуда од 29 октомври 2015 година; *Аслани*, бр. 24058/13, пресуда од 10 декември 2015 година; *X и Y*, бр. 173/17, пресуда од 5 ноември 2020 година; *Трендафиловски*, бр. 59119/15, пресуда од 17 декември 2020 година и *Мемедов*, бр. 31016/17, пресуда од 24 јуни 2021 година
- **Група предмети ВАСИЛКОСКИ И ДРУГИ:** *Василкоски* бр. 28169/08, пресуда од 28 октомври 2010 година; *Миладинов*, бр. 46398/09, пресуда од 24 април 2014 година; *Рамковски* бр. 33566/11, пресуда од 8 февруари 2018 година; *Сејдији* бр. 8784/11, пресуда од 7 јуни 2018 година
- **Група предмети НАСТЕСКА**: *Настеска*, бр. 23152/05, пресуда од 27 мај 2010 година; *Атанасов*, бр. 22745/06, пресуда од 17 февруари 2011 година и Ефтимов, бр. 59974/08, пресуда од 2 јули 2015 година
- **Група предмети АТАНАСОВ (бр.2):** *Атанасов* (бр. 2), бр. 41188/06, пресуда од 19 април 2011 година; *Трамбевски*, бр. 4570/07, пресуда од 10 јули 2012 година; *Илјази*, бр. 56539/08, пресуда од 3 октомври 2013 година; *Пападакис*, бр. 50254/07, пресуда од 26 февруари 2013 година; *Душко Ивановски*, бр. 10718/05, пресуда од 24 април 2014 година; *Смичковски*, бр. 15477/14, пресуда од 5 јули 2018 година; *Асани*, бр. 27962/10, пресуда од 1 февруари 2018 година; *Зибери*, бр. 2166/15, пресуда од 6 јуни 2019 година; *Бошкоски*, бр. 71034/13, пресуда од 4 јуни 2020 година; *Јаневски*, бр. 30259/15, пресуда од 19 ноември 2020 година
- *Андоноски*, бр. 16225/08, пресуда од 17 декември 2015 година
- *Василевски*, бр. 22653/08, пресуда од 28 април 2016 година
- *Анастасов*, бр. 46082/14, пресуда од 26 септември 2019 година и *Анев и Најдовски*, бр. 17807/15 и 17893/15, пресуда од 3 септември 2020 година
- *Трајковски и Чиповски*, бр. 53205/13 и 63320/13, пресуда од 13 февруари 2020 година
- *Ј.М. и А.Т.*, бр. 79783/13, пресуда од 22 октомври 2020 година

За повеќе детали, види во соодветните делови од публикацијата „Пораките од Стразбур за Скопје – патоказ за општите мерки за извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права во предметите од Северна Македонија", како и во HUDOC-EXEC датабазата на Советот на Европа (https://hudoc.exec.coe.int/).



**МОДУЛ 2.2. В** АНАЛИЗА НА СЛУЧАЈ

## ВРЕМЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА: 2 (ДВА) НАСТАВНИ ЧАСА ОД 45 МИНУТИ

## РЕЗИМЕ НА МОДУЛОТ:

Во рамките на овој модул, детално ќе биде анализиран процесот на извршување на пресудите на ЕСЧП во однос на еден од предметите, односно во однос на една од групите предмети кои се спомнуваат во претходниот модул 2.2. Б, по избор на предавачот.

Притоа, од учесниците ќе биде побарано да ги прочитаат акционите планови и/или акциониот извештај поднесени од страна на државата во кој се наведени планираните, односно преземените поединечни и општи мерки за извршување на пресудите на ЕСЧП. Дополнително, тие ќе треба да ги погледнат и останатите релевантни материјали, како поднесоци од апликантите или од другите заинтересирани субјекти до КМ и резолуции и одлуки на КМ (доколку ги има), кои се од значење за процесот на извршување на анализираниот предмет, односно група предмети и се достапни преку HUDOC-EXEC датабазата на Советот на Европа.

Понатаму, тие ќе треба да развијат дискусија по однос на мерките кои биле преземени, односно мерките кои се планира да бидат спроведени од страна на државата, како и за главните предизвици со кои би биле соочени државата и судството во процесот на извршување на анализираната пресуда, односно група пресуди.

Во таа смисла, од учесниците се очекува и самите да предлагаат чекори и активности (доколку тоа го дозволува видот на констатираната пресуда на ЕСЧП во конкретниот случај) со кои би се придонело кон поефективно извршување на анализираната пресуда, односно група пресуди. На тој начин, учесниците на обуката (судии и стручни судски соработници и советници кои постапуваат по предмети во кривичната и во прекршочната материја, како и обвинители и јавнообвинителски стручни соработници и советници) би можеле и практично да го демонстрираат стекнатото знаење во текот на специјализираниот модул 2.2. за напредна обука.

**Напомена:** Во однос на модулот 2.2. В, може да се користат истите документи, работни материјали и други ресурси за учење, како и судската практика на ЕСЧП и материјалите за предметите под надзор на Комитетот на министри на кои се упатува во модулот 2.2. Б од овој Курикулум.

– Покрај сите други македонски предмети пред ЕСЧП спомнати во модулот 2.2. Б, кои допираат прашања врзани за преземање мерки од општ (генерален) карактер, останува можноста, зависно од мислењето на предавачот и од интересот на учесниците на обуката, да биде разгледан и предметот Л. Р., бр. 38067/15, пресуда од 23 јануари 2020 година, заедно со соодветните поднесоци до КМ (акциони планови и/или акциони извештаи поднесени од страна на државата, поднесоци од апликантите или од други заинтересирани субјекти), како и резолуциите и одлуките на КМ во контекст на сите гореспомнатите предмети, достапни преку HUDOC-EXEC датабазата на Советот на Европа (https://hudoc.exec.coe.int/).



**Мисија на ОБСЕ во Скопје**
Булевар 8-ми Септември бр. 16, 1000 Скопје
e-mail: info-MK@osce.org
website: http://www.osce.org/mission-to-skopje